# POSSIBILITIES FOR PROJECT FINANCING OF NON-GOVERNMENT SECTOR IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**Neda Petroska-Angelovska**
The Institute of Economics-Skopje, University St.Cyril and Methodius, Republic of Macedonia
neda@ek-inst.ukim.edu.mk
**Marija Takovska**
The Institute of Economics-Skopje, University St.Cyril and Methodius, Republic of Macedonia
marija@ek-inst.ukim.edu.mk
**Marija Magdincheva-Shopova**
Faculty of tourism and Business logistics, University Goce Delcev-Stip, Republic of Macedonia
marija.magdinceva@ugd.edu.mk

**Abstract:**The aim of this paper is to notify financial sources for project of non-government sector that are mostly used in the Republic of Macedonia and to stress the necessity of some techniques and tools in order to make right financial decisions.

It is clear that financial means are needed for realization of project activities of all enterprises, as well as for organizations of non-government sector, too. Investing time and resources in the process of developing good strategy greatly helps to strengthen the overall capacities and guarantees a sustainable and transparent role of this sector. A fundraising strategy identifies solutions that ensure the financial sustainability of non-government sector, which means long-term stability to achieve the mission. Sustainable funding is a move away from the short-term project cycle to a long-lasting, reliable and diverse revenue base.

Although NGOs are present in the field of development almost of the fifties of the last century, their smallness and limited funding in the first place have made it impossible to make any more significant impact. Namely, Sources of funding for non-governmental organizations can come from individuals and/or organizations that almost always fall into one of the following two groups: direct target users - the constituents of organizations, those for which the organization exists and whose lives are touched by the organization's mission, activities and services; and supporters - those who are interested in the mission and the activities of the organization and through which the organization provides services to the target users, in order to meet their needs.That clears the importance of capacity for financial management and fund-raising, what means: sound financial management and control, as well as accounting systems; capable of financial planning, including the elaboration of an annual operational budget; well-designed and implemented strategy for fundraising; ability to attract and retain different sources of funding.

For that purpose, theoretical and empirical questions will be treated in this paper. Data for the empiricalresearch are gathered from different relevant sources. Conclusions will shed light on project financing of non-governmental sector and contribute to improvement of their scope and structure.Namely, from point of view of the Republic of Macedonia, the long-term financial stability of this sector should contribute to a more detailed focus on its basic role - working towards better economic and political environment in the society, promoting democracy and social cohesion, with particular emphasis on the impact of the communication strategy on decision of the state and potential donors for awarding grants in non-government sector in the Republic of Macedonia.

**Keywords:** Non-government sector, organizations, project financing, Republic of Macedonia.

# МОЖНОСТИ ЗА ПРОЕКТНО ФИНАНСИРАЊЕ НА НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Неда Петроска-Ангеловска**
Економски институт – Скопје, Универзитет Св.Кирил и Методиј – Скопје, Република Македонија
neda@ek-inst.ukim.edu.mk
**Марија Таковска**
Економски институт – Скопје, Универзитет Св.Кирил и Методиј – Скопје, Република Македонија
marija@ek-inst.ukim.edu.mk
**Марија Магдинчева-Шопова**

Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет Гоце Делчев – Штип, Република Македонија marija.magdinceva@ugd.edu.mk

**Апстракт:**Целта на овој труд е да ги идентификува изворите за проектно финансирање на невладиниот сектор, кои најчесто се користат во Република Македонија и да се потенцира неопходноста од некои техники и алатки за да донесат вистински финансиски одлуки.

Неспорана е потребата од финансиски средства за реализација на проектните активности како на сите претпријатија генерално, така и на организациите од невладиниот сектор. Инвестирањето на времето и ресурсите во процесот на развивање добра стратегија во голема мера помага во зајакнувањето на севкупните капацитети и гарантира одржлива и транспарентна улога на овој сектор.Оттаму, стратегијата за прибирање финансиски средства треба да идентификува решенија кои обезбедуваат финансиска одржливост на невладиниот сектор, што значи долгорочна стабилност за да се постигне мисијата. Одржливо финансирање е премостување од краткорочниот проектен циклус до долготрајна, сигурна и разновидна база на приходи.

Иако невладините организации се присутни во областа на развојот уште од педесеттите години на минатиот век, нивниот обем и ограниченото финансирање придонесоа кон маргинализирање на нивното влијание во општеството, кое може да биде значајно. Имено, извори на финансирање на невладини организации може да потекнуваат од поединци и / или организации кои речиси секогаш спаѓаат во една од следните две групи: директни целни корисници - составни делови на организации, оние за кои постои организацијата и чии животи се во фокусот на мисијата, активностите и услугите на организацијата; и поддржувачи - оние кои се заинтересирани за мисијата и активностите на организацијата и преку кои организацијата им обезбедува услуги на целните корисници, со цел да ги задоволат нивните потреби.Притоа се отвора прашањето за важноста на капацитетот за финансиско управување и собирање финансиски средства, што значи: добро финансиско управување и контрола, како и сметководствени системи; способности за финансиско планирање, вклучувајќи го и изготвувањето на годишен оперативен буџет; добро дизајнирана и имплементирана стратегија за прибирање финансиски средства; способност за привлекување и задржување на различни извори на финансирање.

Зво тој контекст, во трудот се третирани теоретски и емпириски прашања. Податоците за емпириското истражување се од различни релевантни извори. Заклучоците се однесуваат напроектното финансирање на невладиниот сектор и треба да се во насока на подобрување на нивниот обем и структура. Имено, од аспект на Република Македонија, долгорочната финансиска стабилност на овој сектор треба да придонесе за подетален фокус на неговата основна улога – работење за подобра економска и политичка опкружување во општеството, промовирање на демократијата и социјалната кохезија, со посебен акцент за влијанието на комуникациската стратегија врз одлуката на државата и потенцијалните донатори за доделување грантови во невладиниот сектор во Република Македонија.

**Клучни зборови**: Невладин сектор, организации, проектно финансирање, Република Македонија

## 1.ВОВЕД

Иако волонтерските организации на граѓаните постоеле низ целата историја, невладините организации (НВО) во денешен контекст, посебно на меѓународно ниво, се развиваат во последните два века. Поимот „невладина организација" започнал да се користи со формирањето на Обединетите нации, во 1945 година. Високата комисија на Обединетите нации за бегалци (УНХЦР) ги поставила следните критериуми за дефинирање на Невладина организација: да е непрофитна, некомерцијална, невладина, правно регистрирана, да се согласува со универзалните хуманитарни вредности и пракса. Друга меѓународна агенција бара и дополнителни карактеристики од кои најзначајни се дека Невладините организации имаат капацитет, што значи дека знаат како да направат план и да имаат ресурси да го имплементираат, односно да бидат спремни да бидат одговорни за своите активности.[141]

„Во контекст на ЕУ, не постои општоприфатена или правно заснована дефиниција за поимот „организација на граѓанското општество". Појаснувањето би било следно: "организациите на граѓанското општество" се главни структури на општеството, покрај владата и јавната администрација, вклучувајќиго и оние од економски карактер за кој воопшто не се смета дека се "трет сектор" или НВО."[142]"Во македонската јавност

[141]Nukovic Admir, Kako funkcionišunevladine organizacije, Bosna i Hercegovina, Šamac, 2006, стр.7
[142]Ибид, стр.7

и во стручните кругови не постои взаемно разбирање на концептот (дефиницијата) на граѓанското општество. Тоа се должи на неколку работи, меѓу кои најважна е транзицијата која се случува на почетокот на деведесеттите години кога неколку илјади организации од претходниот период, како што се здруженија на граѓани и општествени организации, кои за да се легитимизираат пред странските донатори, почнаа да се дефинираат како „невладини организации” (НВО) или поретко како „непрофитни организации”. Јавноста под терминот “невладини организации” препознава мал број организации поврзани со странските донатори.”[143] Меѓутоа, разбирањето во текот на годините се менува, па Законот за здруженија на граѓани и фондации ги дефинира двете основни форми на здружување дефинирани како: здруженија на граѓани и фондации.

Невладиниот сектор во Република Македонија покажа зголемена активност од осамостојувањето, а посебно по 2005 година кога Република Македонија доби статус на земја-кандидат за членство во Европската Унија. Со пристапниот процес невладините организации се препознаа како стратешки партнер на Владата во процесот на евроинтеграцијата. Во 2007 година Владата на Република Македонија ја усвојува Стратегијата за соработка со граѓанскиот сектор, со што остварува партнерски однос и ја признава неговата улога во промовирањето на демократијата и социјалната кохезија. Колку невладините организации ќе бидат успешни во спроеведувањето на активностите, во голема мера зависи од тоа дали пораката ќе дојде до целната публика за која е наменетаи од финансиските средства кои и стојат на располагање за реализација на целите.

## 2. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Изворите на финансирање на невладините организации може да доаѓаат од поединци и/или организации кои речиси секогаш потпаѓаат во една од следниве две групи:[144]

- директни целни корисници – конституентите на организациите, оние за кои организацијата постои и чии животи се допрени од мисијата, активностите и услугите на организацијата;
- поддржувачи - оние коишто се заинтересирани за мисијата и активностите на организацијата и преку кои организацијата обезбедува услуги на целните корисници, со цел да одговори на нивните потреби.

*Слика број 1 - Движење на финансиите кај невладините организации*




*Извор: Василаке Ана, Вамесу Анкута, Генерирање на фондови и пристап до ЕУ фондови, Сараево, 2011, стр.20*

Како што е прикажано на Слика 1, двете групи треба да се сметаат како клиенти на организациите, како поединци и/или организации кои можат решително да влијаат на целите и содржината на невладините организации.Главните извори на финансирање за активностите на невладините организации доаѓаат од групите на поддржувачи, било да се тоа поединци или организации. Во продолжение се претставени можните организации и институции како извори на финансирање на невладините организации:

**Европска Унија -** “Поголемиот број на невладини организации во Република Македонија зависат од финансиите на меѓународните донатори. Странските извори на финансии се единствениот голем извор на

[143]Зајази Келменд, Нурединоска Емина, Добро управување во граѓанските организации, Скопје, 2007, стр.11
[144] Василаке Ана, Вамесу Анкута, Генерирање на фондови и пристап до ЕУ фондови, Сараево, 2011, стр.20

финансиска поддршка за невладините организации. Откако Македонија се здоби со статусот на земја кандидатка за членство во Европската Унија во декември 2005г., контекстот на меѓународното донаторско финансирање значително се промени. Европските земји донатори особено ја намалија својата посветеност во земјата, а некои ја напуштија или многу наскоро ќе го сторат тоа. Европската Унија како најголемиот донатор обезбедува финансиска поддршка за невладините организации во Македонија преку два инструменти - Инструментот за граѓанско општество (ИПА) и Европскиот инструмент за демократија и човекови права (ЕИДХР).

**Проектна поддршка -** Оваа донаторска поддршка е најраспространета и притоа најкористена од модалитетите за поддршка на невладините организации. Таа се состои од објавување повици за доделување грантови во определенн износ, кои се наменети за невладините организации, на среден (најчесто до 2 години) рок за спроведување проекти. "Овие грантови најчесто се доделуваат преку повик за доставување предлог-проекти, во кој донаторите идентификуваат одредени приоритети и цели коишто сакаат да бидат постигнати и за кои организациите можат да аплицираат со проекти кои ќе придонесат кон остварување на предвидените цели. Овие методи на грантирање варираат значително помеѓу донаторите од аспект на процедурата и степенот на сопственост на организацијата над развојот и спроведувањето на проектите"[145]

**Државното финансирање** е особено важен извор на одржливост на невладините организации во голем број на европски земји, која одржливост е предуслов за обезбедување демократски и економски просперитет. Согласно законската рамка во Република Македонија односно Законот за извршување на буџетот на Република Македонија и Законот за здруженија и фондации, Република Македонија издвојува буџетски средства за финансирање на невладини организации. "Карактеристиките на моделот за државно финансирање на граѓанските организации во Македонија е позициониран како медитерански или источно-европски модел, каде односот меѓу државата и невладиниот сектор сè уште е во фаза на развој. Овој модел се одликува со ниско ниво на државно финансирање, или занемарување на граѓанските организации или создавање зависни односи, традиции или непотизам или пак политички интереси при финансирање и вклучување на граѓанските организации во обезбедувањето услуги. Државното финансирање за граѓанските организации според овој модел обезбедува помалку од 20% од вкупниот приход на секторот."[146] Распределбата на буџетските средства во Македонија е децентрализирана. Средствата од буџетската ставка 463-Трансфери до невладини организации се распределуваат преку 11 органи на државната управа просечно на годишно ниво и истите може да се разликуваат од година во година. "Владата и секој орган на државната управа кој распределува средства согласно член 49 од Закон за здруженија и фондации имаат обврска да донесуваат годишни планови и програми за распределба на средствата. Директното буџетско финансирање за граѓанските организации е едногодишно. Ова е значителен недостаток на системот за државно финансирање бидејќи предизвикува неизвесност во работата на организациите и трошење ресурси за прибирање средства, наместо фокусирање на организациско јакнење. Дополнително, некои од проектите за да ги постигнат дадените резултати потребна им е долгорочна поддршка, а не еднократна."[147] Во оваа насока, законодавството треба да обезбеди олеснети даночни обврски за граѓанските оргианизации. Сепак, во случајот на Македонија, можностите за даночни олеснувања на граѓанските организации се сеуште минимални. Даночните олеснувања се неопходни за организациите од јавен интерес, поради што нивното непостоење претставуваше една од клучните пречки за развој на граѓанското општество во Македонија. Во 2006 година беше донесен Закон за донации и спонзорства, чие спроведување е проблематично поради неусогласеноста со другите закони, како што е Законот за здруженија на граѓани и фондации."[148] Со Законот за донации и спонзорства се предвидени одредени даночни олеснувања за физички и правни лица за донации и спонзорства доделени на граѓанските организации кои работат во јавен интерес.

**Општините -** "Законот за Единиците на локална самоуправа овозможува да се издвојува дел од буџетот на општината за поддршка на невладиниот сектор. Согласно на тоа и во пракса најголем дел од општините

---

[145] Остојиќ Младен, Фаган Адам, Донаторски стратегии и практики за поддршка на граѓанското општество на Западен Балкан, Скопје 2017, стр.10

[146] Огненовска Симона, Директното буџетско финансирање за граѓанските организации: основен преглед, Скопје, 2016, стр.13

[147] Ибид, стр.15

[148] Кацарска Симонида, Граѓанските организации во Република Македонија-врска помеѓу државата и јавноста или изолиран ентитет? Анализа на состојбата во периодот 1990-2007 Скопје, 2008, стр.33

имаат ставка во буџетот за граѓански организации. Сепак во најголем број од случаите таа не надминува повеќе од 1 % од буџетот на општината. Иако финансиската поддршка за граѓанските организации од страна на општините е релативно мала во количина, истата може да се смета како многу важна за одржливост на малите локални граѓанските организации и уште поважно, како поттик за потесна соработка на локалната самоуправа и граѓанските организации во решавањето на проблемите на заедницата. Самата распределба на средствата наменети за граѓански организации се врши на различни начини – преку оглас, но и на директна иницијатива и барање доставено до градоначалникот, односно Советот, по што Советот носи одлука. Генерално, не постојат унифициран систем и процедура за аплицирање и јасно утврдени критериуми за доделување средства за граѓанските организации од буџетот на општината."[149]

**Донации и подароци** - Донациите и подароците може да бидат мали или големи, еднократни или да се повторуваат секоја година, понудени од поедници, корпорации или фондации, во форма на пари, средства, опрема или волонтерска работа.

Поради лошата економска состојба во земјата, како и заради сѐ уште недоволно развиената култура на давање, поддршката на невладините организации од индивидуални донации може да се оцени како мала. Периодичното истражување „Општествена одговорност на граѓаните" (МЦМС) години наназад не покажува промени во трендовите на давање, а последната анкета од 2011 г. дури покажува и пад од 5 % на граѓани кои дарувале во последните 12 месеци.

**Грантови** - Ова е веројатно формата преку која се добиваат најголемиот дел од средствата од фондации, влади или корпорации. Грантовите се даваат за да поддржат многу услуги на непрофитните организации, особено во области на социјалата, здравството и образованието. Грантовите вообичаено се доделуваат на конкурентска основа и честопати мора да се усогласени со воспоставените крајни рокови за поднесување. Организацијата која бара грант поднесува предлог за да има пристап до грантовите. Заради тоа треба да имате вработени кои имаат познавања од пишување на проекти и проектен менаџмент. После евалуацијата на предлозите, одобрувањето за финансирање е водено од систем на рангирање.

**Членарина** - Членарината е одлична алатка за финансирање за организации со широка членска база и посветени членови. Плаќањето на членарина не само што носи приход за НВО туку и ја зајакнува посветеноста на членовите и создава очекувања дека НВО ќе се грижи за своите членови преку обезбедување на услуги.

**Кофинансирање** - Невладините организации се поддржани и од други буџетски ставки (пр. 464-Разни трансфери), и тоа преку Министерството за локална самоуправа, Министерството за економија и др. Просечен годишен вкупен буџет што се доделува на граѓанските организации по сите основи на централно ниво изнесува 305 милиони денари. Буџетската поддршка за невладините организации е главно едногодишна и проектна, отсуствува можноста за институционално јакнење на организациите, како и за кофинансирање на проектите на организациите финансирани од ЕУ и други странски донатори."[150]

Невладините организации при обезбедувањето на финансиски средства за своите проекти може да користат и кофинансирање доколку еден донатор неможе да ги обезбеди средствата кои им се потребни во целост. "Кофинансирањето не е специфично регулирано. Кофинансирањето и предфинансирањето на проектите на ЕУ и проекти од други донатори е сѐ уште значаен проблем за организациите, особено за оние кои се помали. Министерството за локална самоуправа и понатаму продолжува да ги кофинансира проектите за прекугранична соработка со Грција и со Албанија, меѓутоа процесот е долготраен, што ја отежнува работата на организациите.[151] Во Република Македонија финансиската поддршка од ЕУ покрива дел од вкупните трошоци за одделна програма или проект. Во таа смисла, финансискиот апсорпциски капацитет на една држава се дефинира како:[152]

- способност за кофинансирање на програмите и проектите кои се финансиски поддржани од ЕУ,

---

[149] Техничка поддршка за граѓанските организации, Оценка на потребите на граѓанските организации, Скопје, септември 2011, стр.12

[150] Огненовска Симона, Анализа на буџетското финансирање на граѓанските организации на централно ниво, Скопје, 2017, стр.11

[151] Огненовска Симона, Извештај за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество во Македонија во 2014 година, Скопје, 2015, стр.31

[152] Исени Дрилон, Користење на фондовите на ЕУ во Република Македонија:ефикасност, влијание и апсорбционен капацитет: збирка на студии, Скопје, 2013, стр.9

- способност за планирање и гарантирање на тие придонеси во повеќегодишните национални буџети, и
- прибирање на планираните финансиски средства. Притоа, вообичаената стапка на национално кофинансирање изнесува околу 25 проценти.

Изготвувањето на програмите и управувањето со проектниот циклус за кофинансирањето на граѓанската заедница е сместено во Европската комисија (ЕК). Денес постојат три вида инструменти за финансирање на операции во земјите во развој во рамките на овој буџет. Тие се предмет на посебни барања за понуди кои не мора да се објавуваат секоја година. Тие се:[153]

- Проекти за еднократни активности составени од одржливи операции за најмногу пет години и со цел намалување на сиромаштијата во земјите во развој и подобрување на квалитетот на животот на луѓето и на нивниот развоен капацитет.
- Блок-грантови за финансирање активности од помал обем кои обично се состојат од серија помали операции во земјите во развој кои се покриени со еден договор. Предложените операции треба да бидат во географска или секторска согласност и операциите мора да бидат исти со оние наведени погоре за проектите. Критериумите за квалификување кои важат за граѓанските здруженија што се пријавуваат за блок-грантови обично се построги од оние што важат за граѓанските здруженија кои поднесуваат предлози за проекти.
- Договор (програма) - група активности за одржлив развој и/или процеси дизајнирани како дел од складен долгорочен пристап, а акцентот е на постигнување јасно дефинирани средни и долгорочни цели.

## 3. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Методологијата на истражувањето во трудот екомбинација на неколку методи и тоа: индуктивно-дедуктивен метод и метод на анализа и синтеза. Со цел да се добие појасна слика за можостите на проектно финансирање на  невладиниот сектор во Република Македонија, се користат извори на примарни и секундарни податоци Во голем дел се користат податоцидобиени по пат на спроведена анкета невладините организации, како и публикувана и електронска статистика од оваа област.

## 4. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Соработката помеѓу општините и граѓанскиот сектор е особено важна како во процесот на демократизација на македонското општество, така и во процесот на градење на заедничките капацитети на општините и на граѓанските организации.

Согласноподатоците кои се на располагање на веб страницата на Град Скопје за буџетите од 2014-2017 година, со акцент на ставката 463 – средства што се одвојуваат за граѓанските организации, за 2014 година, 44.522.982 денари или 61,61% од вкупните средства кои се предвидени за граѓанските организации под ставката 463, останале неискористени. Во 2015 година 8.512.928 денари или 24,46% останале неискористени, што споредбено со 2014 година се бележи значително намалување на процентот на неискористеност на средствата. Во 2016 година 11.182.384 денари или 27,74% од предвидените средства останале неискористени, што укажува на зголемување на процентот на неискористеност на средствата во споредба со 2015 година. Во моментот на пишување на трудот, за 2017 година не се објавениофицијални податоци на веб страната на Град Скопје.

Од анализата се согледува дека, 43,57% од средствата предвидени во ставката 463 во периодот 2014-2016 година (за 2017 нема податок) останале неискористени, што укажува на два испреплетени проблеми во целиот процес на соработка помеѓу граѓанските организации и Гардот Скопје. Првиот проблем е праксата на ребаланси на буџетите кои дава слика за ниската буџетска кондиција и слаб капацитет на општината да ги проектира приходите и истите да ги реализира. Градот Скопје, со ребаланс во 2014 година ставката 463 ја намалува за 38.150.000 денари или 52,79%, во 2015 година намалувањето со ребалансот изнесува 2.800.000 или 8,04%, а во 2016 година намалувањето изнесува 8.320.000 денари или 20,64%. Исто така, праксата на ребаланс на буџетот го оневозможува среднорочното и долгорочното планирање на средства наменети за граѓанските организации имајќи ја во предвид потребата тие средства да ги отсликуваат суштинските потреби на граѓанските организации и на заедницата воопшто. Вториот проблем, односно  причина за недоволната реализација на трансферите, е слабата информираност на граѓанските организации со

[153] Граѓански свет, среда, 05 јуни 2013, достапно на:http://gragjanskisvet.org.mk/index8a2c.html?ItemID=D8C1B3E39A1EC04FAD8515755DEFE004

можностите за финансирање на локално ниво, односно недоволната промоција на можностите за финансирање од страна на општините. "Од друга страна, во однос на реализацијата, се поставува прашањето за потребата од проактивност и кај самите граѓански организации бидејќи за воспоставување одржлива соработка помеѓу општините и граѓанските организации, потребно е активна двонасочна комуникација како и квалитетна комуникациска стратегија. Граѓанските организации многу често се насочени кон странски донатори, а притоа ги занемаруваат средствата кои се нудат од општините, со што дел од општините сметаат дека постои недоволна заинтересираност од страна на граѓанските организации.

Од Буџетот на РМ најчесто практикуван начин за доделување финансиска поддршка на организациите е директно со правен акт (48%). Преку отворен повик за специфична (тематска) категорија се доделуваат само 19% од средствата до здруженија и фондации, т.е. само 0,02% од вкупните расходи на буџетот на Република Македонија. Отворен повик за специфична (тематска) категорија спроведуваат Министерството за труд и социјална политика и Агенција за млади и спорт, и тоа за третина од средствата (33%)."[154]

Во оваа смисла, пак, уделот на расходната ставката 463-Трансфери до НВО од вкупните расходи на буџетот на Република Македонија за периодот 2013-2016 се движи од 0,15% до 0,13%. Реализацијата на буџетски средства преку ставката 463 како процент од вкупниот реализиран буџет забележува тренд на намалување (почнувајќи од 0,30% во 2004 год.). Имено, трендот на раст на вкупните расходи во буџет на Република Македонија не е проследен со правопропорционален раст на расходите на ставката 463. [155] Износите кои се распределуваат како и Органите на државната управа што ги распределува истите во периодот на анализа од 2013 до 2016 година забележуваа незначителни промени.

**5. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА**

Од спроведеното истражување, евидентно е ниското ниво на финансирање од централно и локално ниво кон невладиниот сектор во Република Македонија. Финансиите на невладините организации во најголем број доаѓаат од странски извори, Европска Унија, Агенција за меѓународен развој на Соединетите Американски држави (УСАИД), Швајцарска агенција за развој и соработка (СДЦ), Амбасадите на Велика Британија и кралството Холандија. Иако финансирањето од страна на овие извори во 2015 година е слично на она во 2014 година, во 2015 година невладините организации имаа поголем пристап до грантови надвор од ЕУ.

Со цел да се зајакнат капацитетите за генерирање на фондови, невладините организации треба да ја заслужат довербата од страна на изворите на финансирање без оглед дали станува збор за поединци или организации. Довербата и лојалноста ќе расте и произлегува од внатре од организацијата. Jakob Nielsen, експерт за користење на веб страни, спровел истражување во 2009 година за да открие што сакаат донаторите да видат на веб страната на една организација која бара он-лајн прилози. Студијата открила дека донаторите сакаат да даваат на организации кои ги делат нивните идеали и вредности, но кога одбираат меѓу организации со слични мисии, донаторите сакаат да знаат како организацијата сака да ја постигне својата мисија. Така, повеќето донатори сакаат да ги видат мисијата, целите и активностите на организацијата, опишани на јасен, целосен и концизен начин. Исто така, донаторите сакаат да знаат како организацијата ќе ги користи донираните средства односно да видат јасна комуникациска стратегија.

Стратегија за генерирање на фондови ги идентификува решенијата кои осигуруваат финансиска одржливост на невладината организација, што значи долгорочна стабилност да ја постигне мисијата. Одржливото финансирање е движење понапред од краткорочниот проектен циклус кон долготрајна, сигурна и разновидна основа на приходи. Стратегијата за генерирање на фондови ги идентификува:[156]

- Сите потенцијални извори на финансирање коишто се неопходни за да се постигне целта на генерирање на фондови, што е одредена сума на приходи потребни за да се покријат трошоците за конкретни програми, активности или услуги;
- Активностите коишто треба да се преземат за да се пристапи до идентификуваните извори на финансирање;
- Кој ќе биде одговорен за преземање на соодветните активности и кога;

---

[154]Симона Огненовска, Анализа на буџетското финансирање на граѓанските организации на централно ниво, Скопје, 2017, стр.11

[155]ОгненовскаСимона, Анализа на буџетското финансирање на граѓанските организации на централно ниво, Скопје, 2017, стр.22

[156]Ибид, стр.107

- Колкав е трошокот за преземање на активностите и кои други ресурси се потребни.

Повеќето донатори сакаат да ги видат мисијата, целите и активностите на организацијата, опишани на јасен, целосен и концизен начин. Исто така, донаторите сакаат да знаат како организацијата ќе ги користи донираните средства односно да видат јасна комуникациска стратегија. Комуникациската стратегија претставува основа за ефикасно и ефективно спроведување на комуникациите на невладините организации. За жал, невладините организации во Република Македонија, во недостиг на финансиски средства, не се во можност да креираат ефикасна комуникациска стратегија и стратегија на финансирање, со чија помош би ги промовирале своите цели и мисија, и би генерирале нови извори на финансирање.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Василаке А., Вамесу А., (2011), Генерирање на фондови и пристап до ЕУ фондови, Сараево.
[2] Зајази К., Нурединоска Е., (2007), Добро управување во граѓанските организации, Скопје.
[3] Исени Д., (2013), Користење на фондовите на ЕУ во Република Македонија:ефикасност, влијание и апсорбционен капацитет: збирка на студии, Скопје.
[4] Кацарска С., (2008) Граѓанските организации во Република Македонија-врска помеѓу државата и јавноста или изолиран ентитет? Анализа на состојбата во периодот 1990-2007 Скопје.
[5] Nukovic A., (2006), Kako funkcionišu nevladine organizacije, Bosna i Hercegovina, Šamac.
[6] Огненовска С., (2017), Анализа на буџетското финансирање на граѓанските организации на централно ниво, Економски факултет, Скопје.
[7] Остојиќ М., Фаган А., (2017), Донаторски стратегии и практики за поддршка на граѓанското општество на Западен Балкан, Скопје.
[8] Техничка поддршка за граѓанските организации, (2011), Оценка на потребите на граѓанските организации, Скопје.
[9] http://www.usaid.gov/europe-eurasia-civil-society
[10] http://skopje.gov.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=0&tabid=326
[11] http://www.gragjanskisvet.org.mk/defaulta592.html?ItemID=2F48C2746CE9EE449CEBBB894299AFA3
[12] http://gragjanskisvet.org.mk/index8a2c.html?ItemID=D8C1B3E39A1EC04FAD8515755DEFE004
[13] https://www.seebtm.com/nevladine-organizacije-u-regionu/